У-5 бр.786/2021

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Билјана Никодиновска - Петровска - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ХИДРОТЕРМА ДООЕЛ КУМАНОВО, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-489/5 од 12.05.2021 година, за јавна набавка, на одржаната јавна расправа на ден 08.10.2021 година, во отсуство на тужителот и заинтересирано лице, а во присусутво на Зоран Трајановски од Скопје вработен кај тужениот, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Постапката по тужбата на тужителот ХИДРОТЕРМА ДООЕЛ КУМАНОВО поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-489/5 од 12.05.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот на ден 27.05.2021 година до Управниот суд поднесе тужба, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-489/5 од 12.05.2021 година.

Со Покана за одговор на тужба У-5 бр. 786/2021 од 07.06.2021 година, тужбата е доставена на одговор на тужениот и истиот беше задолжен во рок од 10 дена да достави одговор на тужба со со сите докази, во кој ќе се произнесе по однос на тужбата и наводите од тужбата.

На ден 02.09.2021 година до Управниот суд од тужениот доставен е одговор на тужба бр. 09-489/7 од 01.09.2021 година.

Со поднесок од 27.09.2021 година, тужителот го извести Судот дека во целост ја повлекува тужбата и тужбеното барање.

На одржаната јавна расправа на ден 08.10.2021 година, преставникот на тужениот орган изјави дека се согласува со повлекувањето на тужбата.

Според член 41 став 1 од Законот за управните спорови, (Сл.весник на Република Северна Македонија Број 96/2019 година), тужителот може да ја повлече тужбата до донесување на одлука во управниот спор. Повлекувањето на тужбата не може да се отповика. Согласно став 2 од истиот член, во случај кога тужбата е повлечена, судот ќе донесе решение за запирање на постапката.

Имајќи го предвид поднесокот што тужителот го достави до Судот на 27.09.2021 година, следуваше Судот согласно одредбите од член 41 став 2 од Законот за управните спорови да одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управен суд на 08.10.2021 година под У-5.бр.786/2021.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител
- тужениот орган
-заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

СЛ/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник